Kingdom of the Netherlands

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

Центарот за правни истражувања и анализи во рамките на проектот **„Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија“**, поддржан од Владата на Кралството Холандија, објавува:

# ОГЛАС

**за ангажирање на правен експерт за период јули 2025 – септември 2025**

Во рамките на проектот *„Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија“*, е предвидено ангажирање на правен експерт кои ќе подготви:

1. Извештај за проценка за потребите на обука (ТНА) и Акционен план за обуки за судски постапки пред Европскиот суд на правда;

Заинтересираниот кандидат потребно е да има:

- Темелно познавање на правото на ЕУ и Повелбата за основните права на ЕУ како и практиката на Европскиот суд на правда,
- Експертиза во области како право на ЕУ, човекови права, уставно право и јуриспруденција,
- Најмалку 10 годишно практично искуство во областа на правосудството,
- Одлично познавање на англиски јазик или еден од јазиците на Европската Унија,
- Истражувачки и аналитички вештини,
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите,
- Посветеност кон организациските цели и целите на проектот.

Правниот експерт ќе работи на следните конкретни задачи:

1. **Изработка на Извештај за проценка за потребите на обука (ТНА) и Акционен план за обуки за судски постапки пред Европскиот суд на правда, со осврт на:**
    - Улогата на Академијата за судии и јавни обвинители и нејзините клучни активности на национално ниво;
    - Преземени или планирани активности или обуки со цел постигнување на целите на Академијата;
    - Посакувани резултати од обуките и програмите, особено во делот на постапките пред Европскиот суд на правда.

*Извештајот за процена и Акциониот план за обука треба да содржат максимум 15 страни по документ и да бидат напишани на македонски јазик*

Заинтересираните кандидати потребно е да испратат кратка професионална биографија најдоцна до **10.07.2025 година**, на следната меил адреса: **contact@cpia.mk**.

CIVIL RIGHTS DEFENDERS

GRAĐANSKA ALIJANSA